# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: opstina@mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **03.04.2024 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 3 – 2024 год.** |

Април 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 21 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен весник на општина Македонски Брод бр.4/17), Советот на општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на 29.03.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година бр.18 - 936/3 од 26.12.2023 година, објавена во („Службен гласник на Општина Македонски Брод број 12/2023“) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година бр.18 - 223/29 од 28.02.2024 година, објавена во („Службен гласник на Општина Македонски Брод број 2/2024“), во член 14 ставот 2 алинеја 1 се менува и гласи:

- „за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2,35 применет на просечната месечна бруто плата по вработен во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува со исплата на платата за месец Февруари 2024 година, и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 341/3
29.03.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18 - 320/1,2,3 го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за учениците од III одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2023/24 година, согласно Правилникот за изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19) и Програмата за екскурзија бр.01 - 118/1 од 26.02.2024 година, Советот на Општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на еднодневна научно-наставна екскурзија за учениците од III одделение, планирана од страна на училиштето.

Бр.18 - 341/4/1
29.03.2024 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18 - 320/1,2,3 го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за учениците во VI одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2023/24 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на дводневна екскурзија согласно Програмата за учениците од VI одделение под бр.01 - 119/1 од 26.02.2024 година планирано од страна на училиштето.

Бр.18 - 341/4/2
29.03.2024 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18 - 320/1,2,3 од 18.03.2024 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за тридневна екскурзија за учениците во IX одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2023/24 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19), Советот на Општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Програмата за изведување на тридневна екскурзија за IX одделение под бр.01 - 120/1 од 26.02.2024 година, планирана од страна на училиштето.

Бр.18 - 341/4/3
29.03.2024 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18 - 320/1,2,3 го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Летен камп за ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод од I - IX одделение

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година врз основа на поднесената Програма за Летен камп за учениците за учебната 2023/24 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.116/19), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Програма за Летен камп за учениците од I - IX одделение бр.01 - 121/1 од 26.02.2024 година планирано од страна на училиштето.

Бр.18 - 341/4/4
29.03.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Иницијатива бр.18 - 311/1 од 14.03.2024 година на советникот Марјан Ѓурчески, Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по иницијатива за приоритизација на проект за изградба на крак на ул.Илинденска кој спојува со ул.Д.Влахов, Македонски Брод

1. Иницијативата од Марјан Ѓурчески, советник во Советот на општина Македонски Брод, бр.18 - 311/1 од 14.03.2024 година, по проект за изградба на крак на ул.Илинденска кој се спојува со ул.Д.Влахов со кој се обезбедува влез за седум семејни објекти се разгледа.

2. Иницијативата се препраќа до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина и се задолжува, истите во рамките на можностите да се изнајде начин за нејзино вклопување и реализирање.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 341/5
29.03.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Барање со бр.18 - 319/1 од 18.03.2024 година од м.з. с.Грешница, Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за санација и реконструкција на резервоар за вода во село Грешница

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година го разгледа барањето од м.з. с.Грешница за санација и реконструкција на резервоар за вода во село Грешница.

2. Барањето се препраќа до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина со задолжување да се изврши увид на лице место со предлог решение за понатамошно постапување.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 341/6
29.03.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за отфрлање на барањето за автентично толкување на акт поднесено од страна на советникот Марјан Ѓурчески од Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година го отфрли барањето за автентично толкување на акт донесен од Советот на Општина Македонски Брод, поднесено од страна на советникот Марјан Ѓурчески од Македонски Брод согласно Решението од Уставен суд на РС Македонија со архивски број Убр.49/24 од 07.03.2024 година со кое се запира извршување на поединечни акти и дејствија што се превземени врз основа на одредбите означени во поглавјето VIII „Постапка за донесување на општи акти“ од Деловникот на Советот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.1/05 и 5/19).

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 341/7<br>29.03.2024 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Барање со бр.18 - 362/1 од 28.03.2024 година од Трајан Крстески, Советот на Општина Македонски Брод на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за постапување по иницијатива на Трајан Крстески од Македонски Брод

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2024 година донесе Заклучок за прифаќање на барањето од Трајан Крстески, член на поранешно здружение Етнолошко Историско Археолошко друштво, за предавање, чување и одржување на знаменитости од Поречкиот крај како стари монети, инструменти, ископини, народни носии и други ткаенини, текстил, метал на Општина Македонски Брод.

2. Советот на Општина Македонски Брод го овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да формира комисија која на записник ќе ги констатира движните ствари од точка 1 на овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 341/8
29.03.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22 ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година

Се објавуваат Одлуки, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 34-та седница, одржана на ден 29.03.2024 години и тоа како следи:

1. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година;

2. Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод за учениците од III одделение;

3. Заклучок за давање ПОЗИТИВНИ МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод за учениците во VI одделение;

4. Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод за тридневна екскурзија за учениците во IX одделение;

5. Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Летен камп за ученици во ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод од I - IX одделение;

6. Заклучок по иницијатива за приоритизација на проект за изградба на крак на ул.Илинденска кој спојува со ул.Д.Влахов, Македонски Брод;

7. Заклучок за санација и реконструкција на резервоар за вода во село Грешница;

8. Одлука за отфрлање на барањето за автентично толкување на акт поднесено од страна на советникот Марјан Ѓурчески од Македонски Брод и

9. Заклучок за постапување по иницијатива на Трајан Крстески од Македонски Брод.

Бр. 08 - 341/9
03.04.2024 година
Македонски Брод

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 3 од 03.04.2024 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година ........................................................................ стр. 2

Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за учениците од III одделение ..... стр. 3

Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за учениците во VI одделение .... стр. 4

Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за тридневна екскурзија за учениците во IX одделение ...................................................................................................... стр. 5

Заклучок за давање ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Летен камп за ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод од I - IX одделение ..................................... стр. 6

Заклучок по иницијатива за приоритизација на проект за изградба на крак на ул.Илинденска кој спојува со ул.Д.Влахов, Македонски Брод ....................................... стр. 7

Заклучок за санација и реконструкција на резервоар за вода во село Грешница ...................................................................................................................................... стр. 8

Одлука за отфрлање на барањето за автентично толкување на акт поднесено од страна на советникот Марјан Ѓурчески од Македонски Брод ......................................... стр. 9

Заклучок за постапување по иницијатива на Трајан Крстески од Македонски Брод ..................................................................................................................................... стр. 10

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 34 - та седница одржана на ден 29.03.2024 година ........................................................................... стр. 11